Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство,сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018**

Се објавува Одлуката за донесување Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство,сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018 со арх.бр.07-1196/3 од 10.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 20 ( дваесеттата ) седница одржана на ден 10.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1240/1**
**Од 11.06.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 24 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и бр.137/2007), а во врска со член 26 став 6 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и бр.137/2007), како и врз основа на добиена Согласност од Министерството за транспорт и врски со број 10-925/4 од 27.04.2010 година, Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 10.06.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за донесување Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден,**
**плански период 2008-2018**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши донесување на Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план се движи :

на север границата на планскиот опфат се движи од точка 1 тангирајќи ја катастарска парцела 876/3 до прекршна точка 7, од каде преминува по осовина на локалниот пат кој води до Ајватовци се до прекршна точка 21, па продолжува на исток по осовината на постоечки земјен пат, преку насипот и каналот за одводнување до прекршната точка 22, каде се пренасочува спрема југоисток, тангирајќи го насипот како и каналот, се до прекршната точка 23, од каде започнува да се враќа кон северозапад односно запад движејќи се по оската на автопатот Скопје- Куманово се до прекршната (почетна) точка 1.

Површината на планскиот опфат изнесува 17,23 ха**.**

Со Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018, се предвидуваат зони со класа на намена :

**-Б – Комерцијални и деловни намени**

**-Е2 – комунална супраструктура**

**Член 3**

Предлогот на Урбанистичкиот план вон населено место за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018, со технички број Е4008 изработен е од Агенција за планирање на просторот на Република Македонија и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавна презентација и јавна анкета со број 10-674/29 од 03.11.2009 година.

**Член 5**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Илинден.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Бр. 07-1196/3**
**Од 10.06.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта “ОКТА“ – Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 година;**

Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 годин со арх.бр.07-1196/4 од 10.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 20 ( дваесеттата ) седница одржана на ден 10.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1240/2**
**Од 11.06.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 24 став 1 и став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и бр.137/2007) и член 26 став 6 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и бр.137/2007), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 10.06.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за утврдување на Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден,**
**плански период 2009-2019 година**

### Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 година.

### Член 2

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план е дефинирана како граница на катастарската парцела од која е оформен стопанскиот комплекс на ОКТА.

Површината на планскиот опфат изнесува 142.02 ха.

Со Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 година, се предвидуваат зони со класа на намена:

- **Г1 - тешка и загадувачка индустрија**
- **Д2 – Заштитно зеленило**

**Член 3**

Нацртот на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 година, со технички број 48/2008 изработен е од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ ДОО Скопје.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Илинден ќе организира јавна презентација и јавна анкета на овој Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 година, со утврдување на времето и местото каде што ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Бр. 07-1196/4 /**
**Од 10.06.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино – блок 17, општина Илинден, измена и дополна**

Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино блок 17, општина Илинден, измена и дополна со арх.бр.07-1196/5 од 10.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 20 ( дваесеттата ) седница одржана на ден 10.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1240/3**
**Од 11.06.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 24 став 1 и став 2 и член 26 став 6 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, бр.137/2007 и бр.91/09), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 10.06.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино – Блок 17, измена и дополна, 2010-2020, општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши утврдување на Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино – Блок 17, измена и дополна**,** 2010-2020, општина Илинден.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план ја зафаќа површината определена со Урбан блок 17.

Површината на планскиот опфат изнесува 16.61 ха.

Со Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино - Блок 17, измена и дополна**,** 2010-2020, општина Илинден, се предвидуваат зони со класа на намена :

- **А1 - Домување во станбени куќи**
- **Г2 –Лесна и незагадувачка индустрија**
- **Е2 - комунална супраструктура**

**Член 3**

Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино – Блок 17, измена и дополна**,** 2010-2020, општина Илинден, со технички број 42/10, изработен е од АД за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ЗУМ“- Скопје.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Илинден ќе организира јавна презентација и јавна анкета на овој Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино – Блок 17, измена и дополна**,** 2010-2020, општина Илинден, со определување на времето и местото каде што ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Бр. 07-1196/5**
**Од 10.06.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање на донација на возило на ЈКП Водовод, н.Илинден**

Се објавува Одлуката за давање на донација на возило на ЈКП Водовод, н.Илинден со арх.бр.07-1196/7 од 10.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 20 ( дваесеттата ) седница одржана на ден 10.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1240/4**
**Од 11.06.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на чллен 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02) а во врска член 6 од Законот за донации и спонзорство во јавните дејности (Сл. весник на Р.М бр.47/06, 86/08), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 10.06.2010 година донесе:

## О Д Л У К А

**за давање на донација на возило на ЈКП Водовод, н.Илинден**

**Член 1**

Општина Илинден дава донација патничко моторно возила на ЈКП Водовод, н.Илинден.

**Член 2**

Патничкото моторно возило, предмет на донација, е со следните карактеристики:

- Марка: Ровер, Тип: 420 SD, Број на шасија: SARRTMLXRXD361773, Број на мотор: 20T2R13N0020610 со регистарска ознака SK-665-MG.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука, се задолжува Градоначалникот на општина Илинден, да склучи Договор за донација со Директорот на Јавното комунално претпријатие Водовод, н.Илинден.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх. бр. 07-1196/7**
**Од 10.06.2010г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за давање на донација на возило на ЈКП Илинден , н.Илинден**

Се објавува Одлука за давање на донација на возило на ЈКП Илинден, н.Илинден со арх.бр.07-1196/8 од 10.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 20 ( дваесеттата ) седница одржана на ден 10.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1240/5**
**Од 11.06.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на чллен 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02) а во врска член 6 од Законот за донации и спонзорство во јавните дејности (Сл. весник на Р.М бр.47/06, 86/08), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 10.06.2010 година донесе:

## О Д Л У К А
**за давање на донација на возило на ЈКП Илинден, н.Илинден**

**Член 1**

Општина Илинден дава донација патничко моторно возило на ЈКП Илинден, н.Илинден.

**Член 2**

Патничкото моторно возило, предмет на донација, е со следните карактеристики:

- Марка: Шкода, Тип: Фелициа LX 1.9, Број на шасија: TMBEHH61317357033, Број на мотор: AEF368336 со регистарска ознака SK-329-KP.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука, се овластвува Градоначалникот на општина Илинден, да склучи Договор за донација со Директорот на Јавното комунално претпријатие Илинден, н.Илинден.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх. бр.07-1196/8**
**Од 10.06. 2010г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на општина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за основање на ЈП „ Илинден 2010 " н.Илинден**

Се објавува Одлука за основање на ЈП „ Илинден 2010 " , н.Илинден со арх.бр.07-1196/9 од 10.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 20 ( дваесеттата ) седница одржана на ден 10.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1240/6**
**Од 11.06.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02) и член 9 став 2 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), Советот на општина Илинден, донесе:

## О Д Л У К А

**за основање на Јавно претпријатие "Илинден 2010", н.Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие за вршење на дејности од јавен интерес од локално значење за општина Илинден (во натамошниот текст - Претпријатие).

Основната дејност на Претпријатието според НКД е:

93.11 Работа на спортските објекти

**Член 2**

Називот на претпријатието гласи: Јавно претпријатие – "Илинден 2010", н.Илинден.

Скратен назив на претпијатието гласи: ЈП "Илинден 2010", н.Илинден.

**Член 3**

Седиштето на Претпријатието е во нас.Илинден, на ул."9" бб.

**Член 4**

Претпријатието има својство на правно лице.

Својството на правно лице Претпријатието ќе го стекне од моментот на упис во трговскиот регистар.

**Член 5**

Претпријатието за превземените обврски во правниот промет спрема трети лица одговара со целиот свој имот.

**Член 6**

Износот на средства за основање на ова Претпријатие го обезбедува општина Илинден во паричен влог, во висина од 350.000,00 денари.

Основачкиот влог од став 1 ќе биде уплатен во рок од 8 (осум) дена од уписот на Претпријатието во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Р.Македонија.

**Член 7**

Претпријатието е во сопственост на општина Илинден, и општина Илинден ги има сите основачки права спрема Претпријатието кои произлегуваат согласно закон и другите прописи.

**Член 8**

Вршењето на дејноста од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од средствата што ќе се остварат преку цената на услугата, од средствата на буџетот на основачот како и од други средства согласно закон.

**Член 9**

Управувањето со Претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавни претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

**Член 10**

Органи на Претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст како – Надзорен орган) и директор.

**Член 11**

Управниот одбор на Претпријатието се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на општина Илинден.

**Член 12**

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

**Член 13**

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, тој продолжува да ги врши функциите до именувањето на нов управен одбор.

**Член 14**

Надзорниот одбор на Претпријатието се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на општина Илинден.

**Член 15**

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

**Член 16**

Со работата на претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на општина Илинден, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го застапува и преставува Претпријатието.

Мандатот на Директорот на Претпријатието е во траење од 4 (четири) години.

**Член 17**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на претпријатието се утврдуваат со Статутот, во согласно со закон.

**Член 18**

Лицето Ивица Трипуновски со ЕМБГ 0403985450002 и адреса на живеење ул.1, бр.3 с.Кадино се именува да ги врши работите на претпријатието до неговото конституирање.

**Член 19**

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на Претпријатието.

**Член 20**

Статутот на Претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на Претпријатието ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Трговскиот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на Статутот.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх. бр.07-1196/9**
**Од 10.06.2010год.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Решение за објавување на Одлуката за донесување Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство,сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018 со арх.бр.07-1196/3 од 10.06.2010 година.................................................стр.1

Одлуката за донесување Предлог на Урбанистички план вон населено место за производство,сервиси, комерцијални и деловни намени, Локалитет Карагач, Урбани блокови 5, 6 и 9, измена и дополна, општина Илинден, плански период 2008-2018 со арх.бр.07-1196/3 од 10.06.2010 година...................................................................стр.1-2

Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 годин со арх.бр.07-1196/4 од 10.06.2010 година..........................................................стр.3

Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план вон населено место Миладиновци за индустриски комплекс Рафинерија на нафта „ ОКТА“ - Миладиновци, општина Илинден, плански период 2009-2019 годин со арх.бр.07-1196/4 од 10.06.2010 година.......................................................................стр.3-4

Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино блок 17, општина Илинден, измена и дополна со арх.бр.07-1196/5 од 10.06.2010 година..........................................стр.4

Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино блок 17, општина Илинден, измена и дополна со арх.бр.07-1196/5 од 10.06.2010 година..............................................................................стр.5

Решение за објавување на Одлуката за давање на донација на возило на ЈКП Водовод, н.Илинден со арх.бр.07-1196/7 од 10.06.2010 година.......................стр.6

Одлуката за давање на донација на возило на ЈКП Водовод, н.Илинден со арх.бр.07-1196/7 од 10.06.2010 година..........................................................стр.6

Решение за објавување на Одлука за давање на донација на возило на ЈКП Илинден, н.Илинден со арх.бр.07-1196/8 од 10.06.2010 година.......................стр.7

Одлука за давање на донација на возило на ЈКП Илинден, н.Илинден со арх.бр.07-1196/8 од 10.06.2010 година....................................................................стр.7

Решение за објавување на Одлука за основање на ЈП „ Илинден 2010 “ , н.Илинден со арх.бр.07-1196/9 од 10.06.2010 година....................................................................стр.9

Одлука за основање на ЈП „ Илинден 2010 “ , н.Илинден со арх.бр.07-1196/9 од 10.06.2010 година...................................................................................стр.9-10